КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

# ПРАВИЛА ЗА НАЧИНОТ НА ЧУВАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ И НАЧИНОТ НА БРИШЕЊЕ, ЧИСТЕЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА МЕДИУМИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**Скопје, јуни 2021 година**

Врз основа на член 25 од Статутот на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија бр.01-630/1 од 10.06.2019 година и член 24, член 35 и член 36 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци (Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/2020), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на __.__.2021 година донесе

# ПРАВИЛА

## за начинот на чување и уништување на документи и начинот на бришење, чистење и уништување на медиуми кои се користат за обработка на лични податоци

### Член 1

Со овие Правила се пропишува начинот на чување и уништување на документи кои содржат лични податоци и начинот на бришење, чистење и уништување на медиуми кои се користеле при обработката на личните податоци од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Комисија).

### Член 2

Документите од член 1 на овие Правила се уништуваат со уред за ситнење (шредер) при што истите повторно не може да бидат употребливи.

Во случај на уништување на документи комисиски се составува записник кој задолжително ги содржи сите податоци за целосна идентификација на документот кој се уништува, како и за категориите на лични податоци кои тој ги содржи.

Одредбите од овој член се применуваат и при уништување на копиите или умножените документи.

### Член 3

Плакарите (орманите), картотеките и другата опрема во Комисијата во која се чуваат документи кои содржат лични податоци се сместени во простории заклучени со заштитни механизми. Тие простории се заклучени и во време кога документите не се обработуваат од овластените лица во Комисијата.

### Член 4

По пренесување на личните податоци од медиумот или по истекот на определениот рок за нивно чување, медиумот се уништува, се брише или се чисти од личните податоци кои биле снимени на него.

Уништувањето на медиумот се врши на начин кој ќе гарантира дека податоците кои биле снимени на него не можат повторно да бидат реконструирани, односно со механичко разделување на неговите делови, при што истиот повторно не може да биде употреблив.

Бришењето или чистењето на медиумот се врши на начин што оневозможува понатамошно обновување на личните податоци кои биле зачувани на медиумот.

За случаите од став 2 и став 3 од овој член Комисијата обезбедува информациска трага (записник) која ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци снимени на истиот.

**Член 5**

Со денот на донесување на овие Правила престануваат да важат Правилата за начинот на уништување на докумнети, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиуми со лични податоци бр.03-648/1 од 10.06.2019 година.

Овие Правила влегуваат во сила со денот на нивното донесување и истите ќе се објават на огласната табла на Комисијата.

**Број 03-427/1**
**Скопје 07.06.2021 година**

**Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Mr.Sc. Nora Aliti**